Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

# Дневна хемеротека за *18.12.2015г.*

## МИА – [*Соработката меѓу локалната и централната власт во справувањето со загадувањето на воздухот*]

ПЕТОК, 18 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:58:53

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

**Соработката меѓу локалната и централната власт во справувањето со загадувањето на воздухот**

Препорачај 0

четврток, 17 декември 2015 16:33



**Скопје, 17 декември 2015 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска одржа состанок со градоначалниците на Скопје и Битола, Коце Трајановски и Владимир Талевски и со претставниците на општините Тетово, Кавадарци и Кичево во врска со справувањето со загадувањето на воздухот.

Имајќи ја предвид комплексноста на проблемот со појавата на високи концентарции на ПМ10 честичките особено во зимскиот период, што е загрижувачки во однос на здравјето на луѓето и за чие решавање е потребен интерсекторски пристап и силна соработка помеѓу централната и локалната власт состанокот, како што соопшти МЖСПП, беше свикан со цел да се споделат размислувања во врска со надминување на проблемот, како и да се презентираат придобивките од тековниот Твининг проект „Понатамошно зајакнување на капацитетите за усогласување на регулативата за воздух".

Во рамките на овој проект се изработува Планот за подобрување на квалитетот на воздухот во Скопје и Тетово и краткорочните акциски планови во случаи концентрациите на измерените загадувачки супстанции да ги надминуваат праговите на алармирање.

- Најголемата придобивки на овие планови е што со нив, преку хемиски анализи ќе бидат точно дефинирани изворите на загадување од што ќе произлезат и потребните долгорочни мерки за подобрување и заштита на квалитетот на воздухот. Од друга страна, во краткорочните акциски планови, ќе се воспостави начинот на комуникација помеѓу релевантните институции и јавноста, и во дијалог со ЕЛС ќе се прецизираат краткорочните мерки кои се реално спроведливи во соодветните општини, се вели во соопштението.

Се очекува анализите да бидат завршени до април, а комплетните планови до септември 2016 година.

Според министерот Изаири, овие плански документи ќе бидат добар пример не само за општините Кавадарци и Кичево кои се провикани како општини со поголемо загадување на воздухот во зимскиот период, туку и за сите останати единици на локална самоуправа во кои нема мониторирање на параметрите за квалитет на амбиенталниот воздух.

Градоначалниците и претставниците на општините на состанокот ги елаборираа преземените мерки, како и проблемите со кои се соочуваат при нивното реализирање.

## Сител - [Соработката меѓу локалната и централната власт во справувањето со загадувањето на воздухот]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска одржа состанок со градоначалниците на Скопје и Битола, Коце Трајановски и Владимир Талевски и со претставниците на општините Тетово, Кавадарци и Кичево во врска со ...

## Канал5 - [Соработката меѓу локалната и централната власт во справувањето со загадувањето на воздухот]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска одржа состанок со градоначалниците на Скопје и Битола, Коце Трајановски и Владимир Талевски

## Lider - [Соработката меѓу локалната и централната власт во справувањето со загадувањето на воздухот]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири денеска одржа состанок со градоначалниците на Скопје и Битола, Коце Трајановски и Владимир Талевски и со претставниците на општините Тетово, Кавадарци и Кичево во врска со ...

## Денар - [Локалната и централната власт ќе ја зајакнуваат соработката во справувањето со загадувањето на воздухот]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири одржа средба со градоначалниците на Скопје, Коце Трајановски и на Битола, Владимир Талевски, како и со претставниците на општините Тетово, Кавадарци и Кичево.

## Телеграф - [ЌЕ СЕ БАРА ЧАРЕ: Дефинирање на изворите на загадувањето со хемиски анализи]

Се очекува анализите да бидат завршени до април, а комплетните планови до септември 2016 година Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири одржа состанок со градоначалниците на Скопје и Битола, Коце Трајановски и Владимир ...

## Макфакс – [Локалната и централната власт ќе ја зајакнуваат соработката во справувањето со загадувањето на воздухот]

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири одржа средба во четвртокот со градоначалниците на Скопје, Коце Трајановски и на Битола, Владимир Талевски, како и со претставниците на општините Тетово, Кавадарци и Кичево.

## Tetova Sot - Përforcimi i bashkëpunimit midis pushtetit lokal dhe qendror në përballjen me ndotjen e ajrit

# Përforcimi i bashkëpunimit midis pushtetit lokal dhe qendror në përballjen me ndotjen e ajrit




17/12/2015

Sot në ambientet e Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor u mbajt takimi i ministrit Nurhan Izairi me kryetarin e Qytetit të Shkupit Koce Trajanovski, me kryetarin e komunës së Manastirit Vladimir Talevski si dhe me përfaqësuesit e komunave të Tetovës, Kavadarit dhe Kërçovës.

Duke pasur parasysh ndërlikueshmërinë e problemit me paraqitjen e përqëndrimeve të larta të grimcave PM10 veçanërisht gjatë dimrit, gjë që është shqetësuese në lidhje me shëndetin e njerëzve dhe për zgjidhjen e të cilit problem nevojitet qasje e inspektorëve dhe bashkëpunim mjaft i fuqishëm midis pushtetit qendror dhe lokal, mbledhja u thirr me qëllim të shkëmbimit të mendimeve në lidhje me tejkalimin e problemit, si dhe që të prezantohen përfitimet nga projekti aktual Tvining "Përforcimi i mëtejshëm i kapaciteteve për harmonizimin e rregullativës për ajrin".

Në kuadër të këtij projekti u hartua Plani për përmirësimin e cilësisë së ajrit në Shkup dhe Tetovë dhe plane aksionare afatshurtra në rastet kur përqëndrimet e substancave ndotëse të matura i tejkalojnë pragjet alarmuese. Përfitimi më i madh i këtyre planeve është që me to përmes analizave kimike do të definohen saktë burimet e ndotjes prej nga do të dalin edhe nevojat e masave afatgjata për përmirësimin dhe mbrojtjen e cilësisë së ajrit. Nga ana tjetër, në planet aksionare afatshkurtra, do të vendoset mënyra e komunikimit midis institucioneve relevante dhe publikut, dhe në dialog me NJVL do të precizohen masat afatshkurtra, të cilat janë realisht të zbatueshme në komunat përkatëse. Pritet që analizat të përfundojnë deri në prill, ndërsa planet e plota deri në shtator të vitit

Sipas fjalëve të ministrit Izairi, këto dokumente të planit do të jenë shembull i mirë jo vetëm për komunat e Kavadarit dhe Kërçovës, të cilat konsiderohen si komuna me ndotje më të madhe të ajrit në periudhën e dimrit, por edhe për të gjitha njësitë tjera të pushtetit lokal ku nuk ka mbikëqyrje të parametrave për cilësinë e ajrit ambiental.






## Фокус - Пешевски: Во минатото не ни знаевме што дишиме, сега знаеме

„Во минатото не ни знаевме што дишеме, а Владата ги набави мерните станици за да го следи загадувањето на воздухот.“ -Не се фабриките тие што најмногу го загадуваат воздухот. Проблемот е многу поголем и неговото решавање е сложен процес.

## Tetova Sot - Peshevski: Qeveria do të investojë në respektimin e standardeve ekologjike

Qeveria do të insistojë në respektimin e standardeve ekologjike edhe për “Jugohrom”-in dhe për të gjitha kapacitetet e tjera industriale.

## Канал5 - Собранието ја прекина работата по 74.седница

Во Собранието на Република Македонија попладнево заврши тридневната расправа по Информацијата за енормното загадување на амбиентниот воздух во земјава, поднесена од група опозициски пратеници. На седницата не беа прифатени предложените заклучоци.

## МКД - *Масовни протести во Тетово против загадувањето, граѓаните ги блокираа влезовите од градот*

МКД

# Масовни протести во Тетово против загадувањето, граѓаните ги блокираа влезовите од градот

Револтирани од енормното загадување, денеска неколку илјади граѓани на Тетово ги блокираа трите главни влезови на градот и маршираа по улиците. Побараа сите надлежни институции да преземат поконкретни мерки за намалување на високите концентрации на ПМ10 честичките во воздухот, со кои Тетово руши рекорди во загаденост на национално, регионално, а се „трка“ и на европско ниво.



СПОДЕЛИ

Share 11

Tweet

Незадоволната толпа ги блокираше влезовите на Тетово кај Градскиот стадион, оној кај кружниот тек кај „Веро“, влезот кај Средното медицинско училиште и ректоратот на ДТУ, но се протестираше и пред општинската зграда и на централниот градски плоштад, каде тетовчани гласно кажаа „СТОП за загадувањето“.

Низ улиците се создаде река од револтирани граѓани, а можеше да се забележат и учениците од Економското училиште, Македонци и Албанци, како заедно протестираат против штетните состојки во воздухот, кои во вечерните часови се и 20 пати над дозволените граници.

Дел од топлата незадоволството го искажаа носејќи заштитни маски на лицето, други држеа транспаренти, трети извикуваа и свиркаа, а имаше и такви што фрлија јајца кон зградата на општината.

Иако поради загадувањето беше прекината наставата во училиштата, сепак, тетовчани бараат долготрајни мерки, комплетно менување на политиката кон лошата еколошка состојба и конкретни рестрикции во градежништвото, сообраќајот и индустријата.

За утре се најавува и нов протест под името „Доста веќе, одете во 997 ПМ“.

„Во петок, во 13 часот на плоштадот 'Илирија' во Тетово, движењата 'Еко герила' и 'Мајка и дете' организираат протестен собир, во знак на револт за катастрофалната еколошка состојба. Нашиот град исчезнува, нашите граѓани се по болниците, на нашите животи им доаѓа крај. Оваа состојба не се толерира. Ова труење не се трпи! Доста веќе!“, стои во повикот за утрешниот протест.



## Koha - [Protestuesit mblidhen në qendër të Tetovës /FOTO/]

Koha
E PËRDITSHME INFORMATIVE

# Protestuesit mblidhen në qendër të Tetovës /FOTO/

KOHA 17/12/2015 11:57:00

Madhësia: – +




Nëpër rrugët e Tetovës qindra qytetarë kanë dalë në protestën e organizuar nga lëvizja "Nëna dhe Fëmija" dhe "Eco Guerilla", duke bllokuar tre hyrje-daljet e qytetit të Tetovës për disa minuta. Protesta organizohet kundër ndotjes alarmente nga kombinati "Jugohrom", ndërsa protestuesit aktualisht i janë drejtuar qendrës së qytetit. "Duam ajër", "Jugohrom STOP", "Nuk kemi planet rezervë", "Më le të marr frymë", janë vetëm disa nga thirrjet që mes fishkëllimave dëgjohen dhe shihen nëpër transparentet e protestuesve si rezultat i mosangazhimin të autoriteteve për gjendjen e ajrit në Tetovë. Një ditë më parë Komuna e Tetovës ka ndërprerë mësimin në shkollat fillore dhe ato të mesme si rezultat  ndotjes për 20 herë më shumë se sa pragu i lejuar.



## Lajm - Tetova sot proteston masovikisht: Përkrahet nga partitë opozitare shqiptare

# Tetova sot proteston masovikisht: Përkrahet nga partitë opozitare shqiptare




8 SHARES

"Eco Guerillas" dhe udhëheqësi i saj Arianit Xhaferi, sëbashku me partitë opozitare në Maqedoni, LR-PDSH, BESA, RDK, si dhe shoqata tjera jo-qeveritare do protestojnë kundër ajrit të ndotur në Tetovë, ashtu edhe siç është paralajmëruar. Protesta do zhvillohet në sheshin Iliria me fillim prej orës 13:00, ku sipas të gjitha gjasave pritet që të jetë masive. Kërkesa bazë e protestuesve është mbyllja e fabrikës Jugrohrom, që është arsyeja kryesore e ndotjes së ajrit në Tetovë, njofton Bota sot.

Arianit Xhaferi pritet që në fjalimin e sotëm të parashtrojë disa kërkesa tjera, përveç bojkotimit të mësimit për nxënësit e shkollave

fillore dhe të mesme.

Përndryshe, derisa është paralajmëruar kjo protestë, ditë më parë Komuna e Tetovës ka dhënë urdhër që të ndërpritet procesit mësimor në të gjitha çerdhet, shkollat e mesme dhe ato fillore, për shkak të rritjes së nivelit të ndotjes së ajrit dhe rrezikimin e jetës në këtë komunë.

Gjatë protestës së djeshme, organizatorët e protestës theksuan se ky vendim i komunës është ndërmarrë për të shmangur daljen masive të nxënësve të shkollave në protesta, të cilët protestuan para komunës.

**Protesta për ajrin e ndotur në Tetovë, 17.12.2015**

"Teuta, mbylle Jugohromin jo shkollat", "Duam ajër", "Jugohrom STOP", "Nuk kemi planet rezervë", "Më le të marr frymë", kanë qenë vetëm disa nga thirrjet që mes fishkëllimave ua kanë adresuar pushtetarëve, mijëra qytetarët, e rajonit të Pollogut, që protestuan dje në qytetin e Tetovës për shkak të zmadhimit të nivelit të ndotjes së ajrit.

Ata kërkuan nga ministri i Mjedisit Jetësor, Nurhan Izairi të jep dorëheqje si dhe i kanë bërë thirrje kryetares së Komunës së Tetovës që të mos i mbyllë shkollat, por ta mbyllë Jugohrom.

Protestuesit kanë kërkuar nga autoritetet përgjegjëse që të ndërmarrin hapa për parandalimin e situatës së rëndë në lidhje me ajrin e ndotur

## Fox - Смогот повторно му се заканува на Пекинг

FOX

# Смогот повторно му се заканува на Пекинг

18/12/2015 | 10:42

**Во Пекинг денеска втор пат овој месец е прогласен црвен степен на предупредување поради загадувањето.**

Ми се допаѓа 1 Share Tweet G+1 0



Се очекува дека сивата магла ќе се спушти на градот во кој живеат околу 22,5 милиони луѓе, со штетни честички ПМ во воздухот со големина помала од 2,5 микрометри (штетни честички кои продрираат длабоко во белите дробови) и тоа над 500 микрограма на кубен метар, се наведува на официјалниот сајт на властите во Пекинг.

Тоа е повеќе од 20 пати од нивото кое Светската здравствена организација го смета за безбедно.

Половина од возилата Во градот нема да можат да излезат на улиците, а забранета е и употреба на скара и други извори на чад отворено, а ограничено е и фабричкото производство. Голем број градилишта и училишта се затворени.

На жителите на Пекинг им се советува да избегнуваат активности на отворено.

## Факултети - Планот на Њу Делхи за намалување на загаденоста

Fakulteti.mk
сподели знаење, сподели информација

# ПЛАНОТ НА ЊУ ДЕЛХИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДЕНОСТА



Властите во главниот град на Индија, Њу Делхи, се решени да го намалат загадувањето во градот. Њу Делхи во моментов најлошиот од сите градови во светот во поглед на воздухот. Возилата, централите и индустриските фабрики се главните причини за проблемот.

Следниот чекор на владата е забранување на користењето на возилата во однос на бројот на регистрацијата. Овој метод веќе се користел во повеќе градови како Лагос и Пекинг. Сите приватни возила ќе имаат право да бидат користени на соодветни денови во однос на нивните броеви на регистрацијата.

Владата изјави дека возилата со регистрација со парен број ќе возат на парните денови, а непарните броеви на регистрација ќе значат дозвола за возење во непарните денови.

Се проценува дека во градот секојдневно се користат околу 2,7 милиони автомобили.

## Automedia - *Германија ќе ги забранува дизел автомобилите во градовите*

# Германија ќе ги забранува дизел автомобилите во градовите

Dec 17, 2015

Сподели на Facebook | Твитни на Twitter | G+



Германската служба за заштита на животната средина планира воведување драстични мери за протерување на старите дизел автомобили од градовите, меѓу другото и со укинување на даночните повластици за дизел горивото.

Сојузната служба за заштита на животната средина побара забрана за старите дизел автомобили во германските градови, со цел значително да се подобри квалитетот на воздухот до 2030 година и да се заштитат климата и здравјето на граѓаните. Намерата е

да се поттикне користење на транспорт со ниска емисија на штетни материи и да се потисне користењето фосилни горива.

Службата во 2014 година регистрирала прекумерна загаденост на воздухот со азотни оксиди на повеќе од 60 проценти од мерните места во центарот на градовите. Во повеќето случаи, нивото на загаденост било и двојно повисоко од дозволените вредности во ЕУ. Германските еколози предлагаат да се воведе нова налепница со којашто во градовите ќе можат да пристапат само возилата со дизел мотор според нормата Euro 6.

Покрај тоа, се предлага и изедначување на даночните стапки на дизелот и бензинот. За дизелот моментно се плаќа 18,4 евроценти помалку данок отколку за бензинот. На тој начин не само што државната каса ќе добива дополнителни седум милијарди евра годишно, туку и ќе укине привилегијата за видот на погон којшто е особено штетен за животната средина. Овој чекор следува по најавата на француската влада дека ќе воведува сé поригорозни мери за дизелот, со крајна цел фосилните горива да се заменат со електрифицираните видови на погон (електрични автомобили, плагин-хибриди и автомобили со погон на водород).

**Казната за нечистите ќе стане награда за чистите**

Служба за заштита на животната средина понатаму бара во градовите да се воведе генерално ограничување на брзината на 30 километри на час – исто така по примерот на париската градоначалничка Ан Идалго. Следен чекор ќе биде и префрлување на средствата за јавен превоз на електричен погон. За таа цел се препорачува примена на систем бонус-малус, односно повисоко оданочување за нечистите видови на погон и нивни директно префрлување во субвенции за видовите на погон што не ја загадуваат животната средина.

Ниту фирмите нема да останат поштедени. Досега на германските фирми им се овозможуваше дел од добивката да искористат во повластувања за набавка на службени автомобили, што според еколозите претставува само дополнителен поттик за

натамошно зголемување на загаденоста на животната средина. Понатаму, службата се залага трошоците коишто настануваат за државата за третирање на астматичните и другите видови заболувања на дишните патишта, да се префрлат на грбот на причинителите на загадувањето на воздухот, место на севкупното општество.

Според еколошката служба на Германија, потребно е да се промени и сообраќајната политика во градовите, односно истите да се претворат во средини во коишто автомобилите повеќе не се потребни. Тоа би се постигнало со систематско поврзување на пешачките зони, велосипедите и јавниот превоз, како и со интензивирање на примената на „car-sharing", односно на системот за краткотрајно изнајмување на возила во градското подрачје.

## Факултети - [Идејата на еден јапонски град за целосно чистење на отпадот до 2020 година]

Fakulteti.mk
сподели знаење, сподели информација

# ИДЕЈАТА НА ЕДЕН ЈАПОНСКИ ГРАД ЗА ЦЕЛОСНО ЧИСТЕЊЕ НА ОТПАДОТ ДО 2020 ГОДИНА

**Во просек, еден модерен град произведува илјадници тони ѓубре секоја година, а голем дел од ѓубрето завршува во депонии, се гори со што предизвикува загадување на воздухот или уште полошо, завршува во океаните, оштетувајќи го морскиот живот.**




Сите три методи за отстранување на отпадот му наштетува на екосистемот и на мајка природа. Иако светот спречил 87.2 милиони тони отпад негативно да влијае врз животната средина преку рециклирање и компостирање во последниве години, сепак еден јапонски град концептот „НУЛА отпад" ќе го носи на едно сосема ново ниво.

Градот Камикатсу со 1.700 жители, ќе стане првиот град во Јапонија кој воопшто ќе нема отпад, практикувајќи намалување, повторна употреба и рециклирање - нешто што повеќето градови не го користат, а треба. Иако се чини за доста невозможна задача, сепак не е, но „нула отпадот" значи сосема различни ставови и збир на активности во кои секој граѓанин треба да учествува. Еве како Камикатсу ќе го спроведува овој метод:

- Отпадот кој може да се рециклира е поделен во 34 различни корпи. Ова значи дека не само што постои одделна корпа за хартија и пластика, туку и за стари мобилни телефони и електроника, контејнери за храна, па дури и материјали како железо, калај и алуминиум кои можат да се рециклираат.

- Во моментот само 20% од отпадот во градот оди во депонија, а целта на градот до 2020 година тоа да биде 0%. Претходно, јапонците едноставно го гореле отпадот со што ја загадувале природата, такашто ова е огромен напредок во менаџментот на отпадот како и голема услуга за екосистемот.



- Граѓаните го носат нивниот отпад кој веќе е сортиран, во центрите за рециклирање, бидејќи градот не го прави тоа за нив. И тоа каква одговорност за подобра планета! Наместо да чекаат градоначалникот или други официјални лица да одобрат закон за рециклирање, граѓаните на овој град сами презеле иницијатива. „Ако се навикнеш, станува нормално. Сега не размислувам воопшто за тоа. За нас сега е природно одделувањето на отпадот", вели еден граѓанин.

- Градот има фабрика која пронаоѓа начини за повторна употреба на предметите кои биле фрлени и кои повеќе не се корисни во нивната моментална состојба. Се прави нова облека

од стар материјал, и се прават подароци од предметите кои би можеле да завршат во корпите за отпадоци.

- Градот исто така има „циркулар" кој може да се спореди со одделите на „Craig's list" кадешто луѓето се охрабрени да дадат листа на предмети кои сакаат да ги заменат или да им ги дадат на другите, кога повеќе не им се потребни.

Веб страната Zwia.org или пак Меѓународната алијанса за отпад има многу повеќе идеи за тоа како еден град може да го намали отпадот што го создава. Дури и бизнисите се обидуваат да пронајдат начини како да ги рециклираат или повторно да ги употребат нетоксичните предмети за да не бидат согорени или испратени во депониите.

Ако овој мал јапонски град може да го направи ова, тогаш сите можеме да замислиме индустриски систем во кој ништо не „умира" или ништо не е фрлено. Високо „неприродниот" процес на хемиски инженеринг, производство, пакување, дистрибуција и отстранување влијаат врз состојбата на природата, кадешто се` е обновлив ресурс. Ова е сон за одржливоста кој може да се претвори во реалност.



## A1 On - *ВИДЕО: Живеат во куќи од смет и уживаат*

### ВИДЕО: Живеат во куќи од смет и уживаат

Објавено: 10:38, 17/12/2015 Прегледано: 118 пати.



5 SHARES Facebook Twitter

Припадниците на една заедница во американската сојузна држава Ново Мексико живеат во домови наречени „Earthships" (земни бродови), кои се целосно направени од отпад.

Иако се изградени од смет, куќите се изненадувачки убави. За овој интересен проект заслужен е архитектот Мајкл Рејнолдс.

– Сакав да го применам моето знаење во пракса, но не на типичен начин. Не разбирам зошто би ги сечеле дрвата и уништувале шумите за да градиме куќи. Не пи природата нешто што сакаме да го сочуваме. И зошто да плаќаме струја, вода и гас, кога наместо тоа можеме да користиме обновени извори како дожд, ветер и соларна енергија, вели Рејнолдс.




Тој дизајнирал вистини „направи сам" куќи, а како материјал користел кал, гуми, алуминиуски конзерви и други материјали што ги нашол на отпад.

Идејата почнало со неколку куќи, но сега цела заедница од местото Таос живее во „Earthships" и изгледа дека ништо не им недостига.